РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1611 -2018
08.02.2019 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Стоматологија на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет-Република Македонија во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Стоматологија на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет-Република Македонија во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Приватната високообразовна установа Европски Универзитет- Република Македонија во Скопје, се обрати со барање бр. 03-377/1 од 17.07.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1611 од 18.07.2018 година, за добивање на Решение за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Стоматологија на Факултетот за стоматологија единица во состав, по решението за акредитација бр. 1409-235/2 од 16.07.2018 година, издадена од страна на одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1611 од 30.07.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 18.09.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1611 од 25.09.2018 година, каде е наведено дека студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии по Стоматологија на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет-Република Македонија во Скопје, се исполнети условите согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Европски Универзитет-Република Македонија во Скопје
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: Dr.Agim Rushiti